#ReForMediaMKD

# ДЕПОЛИТИЗАЦИЈАТА НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ НА МАКЕДОНСКАТА РАДИО-ТЕЛЕВИЗИЈА – ПРЕДУСЛОВ ЗА НЕЗАВИСНОСТ НА ЈАВНИОТ СЕРВИС

Скопје, 2017

Компаративна анализа на програмските совети на јавните радиодифузни сервиси
на Македонија, Хрватска и Словенија

# ДЕПОЛИТИЗАЦИЈАТА НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ НА МАКЕДОНСКАТА РАДИО-ТЕЛЕВИЗИЈА – ПРЕДУСЛОВ ЗА НЕЗАВИСНОСТ НА ЈАВНИОТ СЕРВИС

Издавач: Македонски институт за медиуми

За издавачот: Билјана Петковска, директорка на МИМ

Автор: м-р Љиљана Митевска

Стручна редакција: Бранкица Петковиќ, Мировен Институт, Љубљана, Словенија

Лектура: Марија Митрева

Дизајн и печатење: Винсент графика

Анализата е подготвена во рамки на проектот *„#РеФорМедиаМКД* – Унапредување на соработката меѓу граѓанското општество, институциите и граѓаните за спроведување реформи во медиумската сфера“, кој го спроведуваат Македонскиот институт за медиуми и Мировниот институт од Љубљана.

Проектот е финансиран од Европската Унија.

Содржината на оваа публикација е целосна одговорност на авторот и на Македонскиот институт за медиуми и во никој случај не ги одразува ставовите на ЕУ.

# КОМПАРАТИВНА АНАЛИЗА НА ПРОГРАМСКИТЕ СОВЕТИ НА ЈАВНИТЕ РАДИОДИФУЗНИ СЕРВИСИ НА МАКЕДОНИЈА, ХРВАТСКА И СЛОВЕНИЈА

## ДЕПОЛИТИЗАЦИЈАТА НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ НА МАКЕДОНСКАТА РАДИО-ТЕЛЕВИЗИЈА – ПРЕДУСЛОВ ЗА НЕЗАВИСНОСТ НА ЈАВНИОТ СЕРВИС

*Автор: м-р Љиљана Митевска*

### 1. ВОВЕД

Примарната функција на Програмскиот совет на јавниот радиодифузен сервис на Република Македонија, Македонската радио-телевизија (ЈРС МРТ), е да ги штити интересите на јавноста и да обезбеди програмските содржини на јавниот сервис да бидат ослободени од политички, комерцијални и други влијанија и идеологии, односно да осигури присуство на различни интереси на општеството во програмите на медиумот, а не на партиите што се на власт. Сепак, со години наназад, сведоци сме на загрижувачки практики на директно мешање на власта во програмската и деловната политика на МРТ.

Програмскиот совет наместо да го одбрани интегритетот на МРТ, спротивно од надлежностите наведени во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗААМУ),[1] се претвора во тело кое ги потврдува и формализира одлуките на владејачките партии, па така, тие стануваат внатрешни одлуки на јавниот сервис. Оттука, без оглед на фактот што законски е поставен како орган кој треба да ја осигури програмската независност на МРТ, во реалноста, Програмскиот совет се однесува сосема спротивно и станува инструмент преку кој се обезбедува реализацијата на политичките/партиските интереси во работењето на МРТ.

Централниот проблем е како да се дојде до деполитизација на Програмскиот совет на МРТ, односно тој да се трансформира во независно тело во служба на јавниот сервис преку реформа на законодавството.

Ова прашање добива особена тежина ако се знае дека медиумската независност, со особен акцент на ЈРС МРТ, беше една од централните теми врзани за демократското владеење во земјава што се отворија за време на долготрајната политичка криза[2] која заврши со потпишувањето на Пржинскиот договор.[3]

Доколку се земе предвид дека токму Програмскиот совет е врховниот орган со широк спектар на надлежности кој има клучна улога во одржувањето на независноста во работењето на МРТ, станува јасно зошто ова прашање е важно не само за слободата на изразувањето и слободата на медиумите туку и за демократизацијата на земјата и нејзино посериозно напредување на патеката на европската интеграција.

Независноста на Програмскиот совет на МРТ во еден поширок контекст може да се разгледува и како политичко, а не само како техничко или правно прашање за тоа како треба да се дефинира составот на Советот и да се обезбеди негова заштита од политички влијанија. За да се постигне независност на Програмскиот совет и на МРТ во целина неопходна е политичка волја и зрелост на владејачките елити, како и нивна вистинска насоченост кон демократизација на општеството и на сите негови институции. Начинот на којшто е поставен и функционира јавниот сервис е слика за демократскиот

1 Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Службен весник на РМ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), чл. 124.

2 Во февруари 2015 година, тогашниот лидер на опозицијата Зоран Заев обвини дека тогашниот премиер Никола Груевски нелегално прислушувал близу 20000 граѓани, политички противници, активисти, странски амбасадори и повеќе од 100 новинари. Во мај 2015 започнаа масовни протести во Скопје против премиерот Груевски и неговата влада. Политичката криза која започна со скандалот со прислушувањето продолжи и во текот на 2016 кога Груевски поднесе оставка, а на премиерското место дојде Емил Димитриев од истата партија.

3 Договорот од Пржино од 2 јуни (дополнет со амандмани на 15 јули 2015) беше потпишан меѓу лидерите на четирите најголеми политички партии во земјата, со посредство на ЕУ, со цел разрешување на политичката криза во Македонија.

капацитет на институциите и вредностите кон кои се стреми општеството.

Истражувањето на Програмскиот совет на МРТ ќе биде претставено во форма на компаративна анализа на програмските совети на јавните радиодифузни сервиси на Хрватска и Словенија, Хрватската радио-телевизија (ХРТ) и Радио-телевизија Словенија (РТВ Словенија). Причината за изборот на овие две земји е фактот што јавните сервиси во овие две држави имаат сличен управувачки модел[4] кој се состои од две посебни надзорни тела, Програмски совет и Надзорен одбор, од кои едниот врши надзор врз програмското, а другиот врз финансиското работење на јавниот радиодифузен сервис. Исто така, Хрватска и Словенија делат заедничко историско и политичко минато со Македонија, а денес се членки на Европската Унија, кон што се стреми и нашата земја.

Целта е да се утврди како со серија на интервенции, законски и структурни, МРТ да се трансформира во веродостоен и респектиран јавен радиодифузен сервис кој ги штити интересите на јавноста и обезбедува независност и транспарентност во своето работење.

Ова истражување го покрива периодот од работењето на Програмскиот совет на МРТ од моментот на неговото именување од страна на Собранието на РМ на 15 декември 2014,[5] по донесувањето на новиот закон од 2013, па се до септември 2017. За потребите на истражувањето беа користени секундарни податоци од релевантни извори од сите три држави, беа разгледувани истражувања, анализи, извештаи и други публикации од национални, регионални и од европски медиумски организации, а беше разгледана и законската регулатива на трите земји врзана за оваа проблематика. Дополнително беа направени шест интервјуа со медиумски експерти и со претставници на програмските совети од Македонија, Хрватска и Словенија, по две од секоја земја.

## 2. ЗАКОНСКА ПОСТАВЕНОСТ НА ПРОГРАМСКИТЕ СОВЕТИ НА ЈАВНИТЕ РАДИОДИФУЗНИ СЕРВИСИ НА МАКЕДОНИЈА, ХРВАТСКА И СЛОВЕНИЈА

### 2.1. Состав на програмските совети на МРТ, ХРТ и РТВ Словенија

Тринаесетте члена на Програмскиот совет на МРТ ги ***именува и разрешува*** Собранието на РМ на предлог на следните овластени предлагачи: Интеруниверзитетската конференција, Националната установа - Албански театар, Националната установа - Турски театар и двете здруженија на новинари од РМ кои имаат најголем број членови, сите тие предлагаат по еден член, додека Заедницата на единиците на локалната самоуправа предлага кандидати за три члена и Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на РМ предлага кандидати за пет члена.[6]

Во Хрватска, девет од вкупно 11 члена на Програмскиот совет на ХРТ се именувани од Собранието, по претходен јавен конкурс објавен од Собраниската комисија за информирање, компјутеризација и медиуми. Преостанатите два члена се избрани од вработените во ХРТ (креативен персонал).[7]

Во Словенија, од вкупно 29 члена, Собранието именува 21 член, и тоа 16 члена по претходен јавен повик за доставување предлози/номинации од општата јавност (гледачите/слушателите, универзитетите и граѓанските асоцијации) и пет претставници на политичките партии во Собранието, според нивната пропорционална застапеност. Останатото членство го сочинуваат по еден претставник од италијанското и унгарското малцинство, кои се именувани од нивните локални самоуправи, два претставника од религиозните групи именувани од Претседателот на Словенија, еден претставник од Словенечката академија на науките и уметностите и три претставника избрани од вработените во РТВ Словенија.[8]

4 За разлика од Македонија, Хрватска и Словенија, во повеќето земји од опкружувањето, како Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Србија и Црна Гора, управувачкиот модел се состои од едно раководно тело кое врши надзор врз целокупното работење на јавниот сервис. Види во: Petković, B., Panić, S. and Hrvatin, B., S., *Comparing models and demanding reforms of public service media,* Media Observatory website, 2016. Достапно на: http://mediaobservatory.net/radar/comparing-models-and-demanding-reforms-public-service-media.

5 Собранието на РМ ги проби сите законски рокови и дури после една година од донесувањето на новиот Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на РМ од 25 декември 2013, кој ја регулира и работата на МРТ, конечно го избра составот на Програмскиот совет на МРТ. Види: https://www.sobranie.mk/sessiondetails.nspx?sessionDetailsId=033951f1-8c53-4342-bb28-97866b61f10e&date=15.12.2014

6 Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Службен весник на РМ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), чл. 117.

7 Zakon o Hrvatskoj radioteleviziji (Narodne novine br. 137/10, 76/12, 78/16, 46/17, 73/17), čl. 25.

8 Zakon o Radioteleviziji Slovenija (Uradni list RS, št. 96/05, 109/05, 105/06, 26/09, 9/14), čl. 17.

**Табела 1: Големина, состав и мандат на програмските совети на МРТ, ХРТ и РТВ Словенија**

| | МАКЕДОНИЈА | ХРВАТСКА | СЛОВЕНИЈА |
|---|---|---|---|
| Број на членови на Програмскиот совет | **13** | **11** | **29** |
| Именувани од Собранието | **13**<br>На предлог на 7 овластени предлагачи:<br>По 1 член предлагаат: Интеруниверзитетската конференција, Албански театар, Турски театар, ЗНМ и МАН;<br>3 члена предлага ЗЕЛС;<br>5 члена предлага Комисијата за прашања на избори и именувања на Собранието на РМ; | **9**<br>Сите на јавен конкурс објавен од Собраниската комисија за информирање, компјутеризација и медиуми; | **21**<br>16 члена на јавен повик за доставување предлози од општата јавност (гледачите/слушателите, универзитетите и граѓанските асоцијации);<br>5 претставници на политичките партии во Собранието, според пропорционална застапеност; |
| Именувани од други институции | / | / | **4**<br>По 1 претставник од италијанското и унгарското малцинство именувани од локалната самоуправа (вкупно 2);<br>2 претставника од религиозните групи именувани од Претседателот на Словенија; |
| Директен влез | / | **2**<br>2 претставника од вработените; | **4**<br>3 претставника на вработените;<br>1 претставник на Словенечката академија на науките и уметностите; |
| Мандат | **5 години** | **4 години**<br>Половината од членовите се именуваат на секои 2 години; | **4 години**<br>Половината од 16-те члена од општата јавност (8) кои ги именува Собранието, се менуваат на секои 2 години; |
| Избор на претседателот и заменикот на претседателот на Програмскиот совет | Избрани со мнозинство гласови од вкупниот број на членови. | Избрани со мнозинство гласови од вкупниот број на членови. | Избрани со мнозинство гласови од вкупниот број на членови. |
| Извор: Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Македонија), Закон за Хрватска радио-телевизија (Хрватска), Закон за радио-телевизија (Словенија) | | | |

***Квалификациите*** кои треба да ги поседуваат членовите на програмските совети на МРТ, ХРТ и РТВ Словенија, определени во законите, се со широк опсег, но се мошне слични во сите три држави. Генерално, тоа треба да бидат личности кои имаат одреден општествен углед, знаење и завидни остварувања во најразлични области, како што се медиумите, слободата на изразувањето, владеење на правото и демократските начела, развој на граѓанското општество, заштита на човековите права и слободи, промовирање на културата, науката и уметностите итн.

Во Словенија 16-те кандидати номинирани од општата јавност треба да ги докажат своите квалификации со документи кои се бараат во рамките на јавниот повик, додека во Македонија од членовите се бара универзитетско образование. Исто така, во Хрватска и Македонија тие треба да бидат државјани на конкретната земја.

Одредбите кои се однесуваат на ***судирот на интереси*** во сите три земји во прв ред се насочени кон исклучување на политичките и комерцијални интереси. Лицата од раководните структури на политичките партии, државните функционери, раководните лица во државен орган или во единиците на локалната самоуправа, како и носителите на јавни функции, се назначени како лица кои не може да бидат номинирани за членство во Програмскиот совет. Во случајот со Македонија и Словенија, за носителите на јавни функции и за раководните лица во орган на политичка партија ова правило важи и пет години по завршувањето на функцијата.

Членови на Програмскиот совет во сите три земји исто така не можат да бидат вработените, како и сопствениците и членовите на раководните тела на комерцијалните конкурентски радиодифузери.[9] Кога станува збор за Програмскиот совет на МРТ, постојат и дополнителни критериуми кои се однесуваат не само на продуценти на радиски и на телевизиски програми туку и на новински агенции, друштва за реклама и пропаганда, друштва за истражување на пазарот и јавното мислење, друштва за филмска дистрибуција, друштва за филмска продукција и друштва кои обезбедуваат јавни електронски комуникациски мрежи и услуги.

Во Македонија, од Програмскиот совет поради конфликт на интереси се исклучени и вработените во МРТ, а во Хрватска и во Словенија тие се наведени во категориите што имаат привилегија директно да номинираат претставници во ова надзорно тело и да учествуваат во раководењето со јавниот радиодифузен сервис.

Исто така, во Македонија лидерите на верските заедници се лица што се исклучени од можноста за членство, а пак во Словенија членовите од семејството на раководните структури на РТВ Словенија.

***Времетраењето на мандатот*** на членовите на Програмскиот совет е пет години во Македонија и четири години во Хрватска и во Словенија. Во Словенија и во Хрватска има одредби според кои мандатот не почнува, односно не престанува истовремено за сите членови на телото. Поточно, во Словенија половината од 16-те члена од јавноста кои ги именува Собранието, односно осум од нив се менуваат на секои две години, додека во Хрватска половината од членовите се именува на секои две години. Целта е да се избегне можноста именувањето на сите членови да се случи за време на владеењето на една политичка гарнитура.

## 2.2. Овластувања и надлежности на програмските совети на МРТ, ХРТ и РТВ Словенија

Основната задача на програмските совети на јавните радиодифизни сервиси во сите три држави е следење на исполнувањето на програмските обврски, начела и стандарди. Програмскиот совет на МРТ во случај на нивно непочитување е должен писмено да го предупреди директорот на МРТ и може да побара од него да го прекине емитувањето на програмата. Во Хрватска, во случај на непочитување на програмските обврски и начела, Програмскиот совет писмено ја предупредува Управата на ХРТ и главните уредници, а до Надзорниот одбор доставува известување за издаденото предупредување. Програмскиот совет на РТВ Словенија, пак, редовно дискутира за имплементацијата на донесените програмски концепти и му дава упатства на генералниот директор во врска со корекцијата на недостатоците во оваа област.

[9] Во Словенија и во Хрватска оваа одредба се однесува на конкурентски медиуми, што е поширока категорија која ги опфаќа не само конкурентските радиодифузери туку и конкурентските онлајн медиуми.

***Надлежностите*** на програмските совети на јавните сервиси во Македонија, Хрватска и Словенија вклучуваат одобрување или барем давање мислење за некои од најважните документи на јавниот радиодифузен сервис. Поточно, Програмскиот совет на МРТ ги усвојува годишниот извештај за работа за претходната година и годишната програма за работа за наредната година на МРТ, како и програмата за развој. Во Словенија, Програмскиот совет на јавниот сервис, на предлог на директорот, го усвојува годишниот програмско-продукциски план[10] и програмската шема за следната година, а дава мислење и за предлог-финансискиот план. Додека Програмскиот совет на ХРТ само дава мислење за предлог-програмата за работа на ХРТ.

Во Хрватска се применува поинаков систем според кој годишниот план и годишниот буџет не ги усвојува Програмскиот совет, туку Надзорниот одбор, кој претставува раководно тело задолжено за надзор врз финансирањето на јавниот сервис. Во Хрватска и Словенија, Надзорниот одбор е задолжен и за усвојување на статутот на јавниот радиодифузен сервис, додека во Македонија ова е задача на Програмскиот совет. Сепак, Програмскиот совет на РТВ Словенија учествува во усвојувањето или во измените на Статутот затоа што од него се бара претходна согласност за таквото усвојување или менување.

Дополнителна важна надлежност на Програмскиот совет на МРТ е избор и разрешување на членовите на Надзорниот одбор на јавниот сервис. А покрај тоа, овој орган е одговорен и за изборот и разрешувањето на директорот и заменикот на директорот на МРТ. Во Словенија, Програмскиот совет го назначува генералниот директор и дава согласност за назначување на директорите на радиото и телевизијата, додека во Хрватска, Собранието на Република Хрватска е она кое го назначува генералниот директор.

**Графички приказ 1: Надлежности на програмските совети на МРТ, ХРТ и РТВ Словенија во однос на водечките кадри**




[10] Директорот на РТВ Словенија е обврзан два пати годишно да поднесе извештај за реализацијата на годишниот програмско-продукциски план и за евентуалните отстапки од него.

Кога станува збор за ***назначувањето на главните и одговорни уредници***, Програмскиот совет на МРТ дава согласност за именувањата или разрешувањата на одговорните уредници во МРТ. Пред да ја донесе одлуката за именување или разрешување на одговорните уредници на МРТ, директорот на МРТ е должен да побара согласност од Програмскиот совет на МРТ. Со барањето за добивање согласност, директорот на МРТ го доставува и мислењето на уредништвото.[11]

Во Словенија, Програмскиот совет на јавниот радиодифузен сервис гласа за назначувањето на главните и одговорни уредници само во случаи кога кандидатите кои биле селектирани од генералниот директор не ја добиле поддршката од новинарите и уредниците во нивната програмска единица во постапката на номинирање. Во Хрватска пак, генералниот директор ги избира главните уредници на ХРТ врз основа на спроведен јавен конкурс и претходно обезбедено мислење од новинарите и останатите вработени.

Во случајот со Македонија и Словенија, во законските решенија е наведено дека Програмскиот совет ги разгледува ***жалбите и сугестиите од гледачите и слушателите***. Покрај ова, во Словенија, Програмскиот совет назначува и посебна личност, „заштитник на правата на гледачите и слушателите" или „омбудсман", која обезбедува стручна анализа на критиките што доаѓаат од страна на гледачите. Оваа функција постои и во Хрватска каде Програмскиот совет дава мислење и го именува „комесарот за корисниците на услугите на ХРТ".

## 2.3. Квалитет на легислативата која ги регулира прашањата врзани за програмските совети на МРТ, ХРТ и РТВ Словенија

Законското решение за составот на Програмскиот совет на МРТ остава голем простор за директно ***политичко влијание врз јавниот радиодифузен сервис.*** Поточно, дури 10 од вкупно 13 члена се предлагаат од државни органи, од институции кои се финансираат директно од Буџетот и логично може да потпаднат под државна контрола, како и од организации контролирани од политичките партии. Влијанието на власта доминира пред сѐ преку Комисијата за прашања на избори и именувања на Собранието на РМ која именува дури 5 члена и Заедницата на единиците на локалната самоуправа (ЗЕЛС) која именува 3 члена. Албанскиот и Турскиот театар, како културни институции целосно финансирани од Министерството за култура и раководени од партиски кадри, предлагаат по еден член во Програмскиот совет. Оттука, сегашниот модел со конкретните овластени предлагачи придонесува за обезбедување контрола и доминација врз МРТ од страна на политичките партии кои се на власт во периодот кога се формира Програмскиот совет.

Значи, уште во фазата на предлагање членови, доминираат предлози, односно предлагачи кои не претставуваат ништо повеќе, туку само продолжена рака на партиите на власт. Во ваков состав, како што вели Ведат Мемедалија,[12] член на Програмскиот совет на МРТ од ЗНМ, останатите три члена на Програмскиот совет се немоќни да влијаат врз донесувањето каква било одлука, заземање став или мислење кое е поинакво од она на владејачките структури.

Според Законот,[13] ова тело треба да ги штити интересите на јавноста во поглед на програмските содржини и треба да ја претставува различноста на македонското општество. Наспроти тоа, вака конципираниот Програмски совет претставува политички контролирано тело кое ниту ја претставува различноста на македонското општество, ниту пак може да осигури непристрасност во уредувачката политика на МРТ во однос на власта и државните институции.

Делегирање членови од страна на државни институции постои и во Словенија. И таму, како и во Македонија, Собранието не само што има улога во именувањето на членовите на Програмскиот совет туку е и директно претставено со пет члена, кои се избираат по предлог од политичките партии. Но, за разлика од Македонија каде Собранието гласа за именување на сите членови на Програмскиот совет по принцип на мнозинство, што значи дека ќе бидат именувани фаворитите на владејачката

---

[11] Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Службен весник на РМ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), чл. 124.

[12] Интервју со Ведат Мемедалија, уредник во дневниот весник Коха и претставник од Здружението на новинари на Македонија (ЗНМ) во Програмскиот совет на МРТ, 24 август 2017.

[13] Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Службен весник на РМ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), чл. 116.

коалиција, во Словенија постои законска одредба.[14] Според неа, овие пет члена мора да бидат одраз на пропорционалната застапеност на партиите во националното Собрание, односно тие вклучуваат и предлози на членовите на опозицијата.

Во Македонија, членовите на Програмскиот совет можат да бидат предложени само од седумте овластени предлагачи. Словенија, пак, има комбиниран модел кој вклучува овластени предлагачи, но и претставници кои директно влегуваат во Програмскиот совет на јавниот сервис (вработените и еден член на предлог од Словенечката академија на науките и уметностите), како и кандидати номинирани од граѓанството, односно од гледачите/слушателите, од универзитетите и од граѓанските асоцијации. На овој начин се намалува можноста за директна политичка контрола врз ова тело.

Исто така, фактот што Програмскиот совет на РТВ Словенија е многу широко тело кое брои дури 29 члена, придонесува за зголемување на шансите за поголема независност, иако овде дополнително се отвора прашањето за неговата ефикасност при дискусиите и одлучувањето.

„Во Словенија, бројноста на Програмскиот Совет е одраз на напорот во него да се вклучат претставниците на различни групации кои го сочинуваат општеството. Сегашната големина на ова тело е навистина малку претерана, но не премногу, затоа што тоа не смее да биде мало. Значи, ако ова тело има поголем број членови, можноста за контрола е помала. Помалото тело, полесно се контролира,“ вели Бранкица Петковиќ,[15] медиумски експерт и член на Програмскиот совет на РТВ Словенија.

Дополнителна гаранција ***за намалување на политичките влијанија*** во Програмскиот совет на РТВ Словенија е фактот што половина од 16-те члена од граѓанството именувани од Собранието, кои имаат четиригодишен мандат, се менуваат на секои две години, односно една политичка гарнитура не може да ги контролира сите членови истовремено. „Некому мандатот му започнал во 2014, а некому во 2016 година. Тоа значи дека на сите членови мандатот не им поминува во еден пакет, односно една влада не може да менува премногу од тие советници. Тоа е добро, бидејќи на тој начин директното влијание на тогашната влада е до одреден степен намалено,“ вели Марко Милосављевиќ,[16] медиумски експерт и професор по новинарство на Факултетот за општествени науки при Универзитетот во Љубљана.

Дополнително, Бранкица Петковиќ [17] посочува дека „ако телото е доволно големо и ако членовите на Програмскиот совет се именувани од цел спектар на најразлични инстанци, и згора на тоа, ако оние кои ги именува и избира Собранието се менуваат на две години, а третина или половина од членовите ги именува некој друг, тогаш е тешко да се контролира целиот Програмски совет.“

Иако во Македонија ***вработените во јавниот сервис*** се исклучени од можноста да бидат членови на Програмскиот совет поради конфликт на интереси, во Хрватска и во Словенија ова е долгогодишна пракса, и според соговорниците од овие земји вклучени во ова истражување, тоа се покажува како навистина добра практика. „Вработените во јавниот сервис ја претставуваат информацијата однатре, тие ги знаат интерните проблеми и потреби. Така добивате директен увид за тоа кои се нивните ставови, проблеми, интереси, и доколку сте добронамерен надворешен контролор ќе ги сослушате и ќе размислите за она на кое укажуваат. А доколку ги немате во Советот тогаш вие не го слушате тој интерен став, го имате само генералниот директор кој не мора да ја кажува вистината, зар не?,“ вели Бранкица Петковиќ,[18] член на Програмскиот совет на РТВ Словенија.

Овие две одредби, ***менување на половина од членовите на секои две години и директна вклученост на претставниците на вработените во советот***, ги има и во законот што ги регулира прашањата врзани за јавниот радиодифузен сервис на Хрватска. Хрватскиот модел на Програмскиот совет не вклучува овластени предлагачи, туку членовите на Советот се избираат на јавен конкурс, а ги именува Собранието на Република Хрватска. Сепак, фактот што Собранието го има последниот збор

14 Zakon o Radioteleviziji Slovenija (Uradni list RS, št. 96/05, 109/05, 105/06, 26/09, 9/14), čl. 17 (став 6, алинеја 6).

15 Интервју со Бранкица Петковиќ, член на Програмскиот совет на РТВ Словенија, 1 септември 2017.

16 Интервју со Марко Милосављевиќ, медиумски експерт и професор по новинарство на Факултетот за општествени науки при Универзитетот во Љубљана, 1 септември 2017.

17 Интервју со Бранкица Петковиќ, член на Програмскиот совет на РТВ Словенија, 1 септември 2017.

18 Ибид.

во изборот на речиси сите кандидати за членови на Програмскиот совет (освен двата претставника од вработените), отвора ризици за политичко делегирање и избор на оние кои се блиски до владејачките структури.

„Програмскиот совет нема законска моќ да ја заштити независноста, а бидејќи 9 од 11-те члена на Програмскиот совет се именувани од страна на Собранието, и Програмскиот совет ги рефлектира односите на моќта во Собранието," вели Хелена Поповиќ,[19] медиумски експерт и професор по комуникологија на Факултетот за политички науки при Универзитетот во Загреб.

Во овој контекст битно е да се напомене дека во 2012 година, со амандмански измени на Законот за ХРТ од 2010 година, дојде до значително стеснување на улогата и надлежностите на Програмскиот совет. За сметка на ова се зацврсти позицијата на хрватското Собрание кое го именува Генералниот директор на ХРТ, поголемиот дел од членовите на Надзорниот одбор на ХРТ и девет од единаесет члена на Програмскиот совет на ХРТ. „Ингеренциите на Програмскиот совет сега се сведени на следење на спроведувањето на програмските принципи, уредување на начините за утврдување на содржината и текстот на програмските задачи на ХРТ и одржување јавни расправи на ХРТ на предлог на Управата на ХРТ, давање мислење за предлог-програмата за работата на ХРТ, давање мислење за предлог-договорот и именувањето на комесарот за корисниците на услугите на ХРТ. Накратко, улогата на Програмскиот совет во работата на ХРТ е значително намалена со закон, а неговото работење се сведува на чисто задоволување на формата," се надоврзува професорката Хелена Поповиќ.[20]

Уредничката во ХРТ, Маја Север,[21] која воедно е член на Програмскиот совет на ХРТ како претставник од вработените, вели дека ова тело има исклучиво советодавна улога и одлуките на Советот не се обврзувачки за раководителите на јавниот сервис. „Откога сум јас член на Советот, раководството на ХРТ многу често не ги зема предвид расправите и одлуките на Програмскиот совет. Сметам дека сепак треба да се зајакнат надлежностите на Програмскиот совет. Дебатирањето без никакво влијание е бесмислено. Особено во ситуација кога раководството не е обврзано ниту да одговара на конкретните прашања и барања. Вака, Програмскиот совет е само украс на демократијата и трибина за изнесување критики во однос на програмата", истакнува Север.

## 3. ПРОГРАМСКА НЕЗАВИСНОСТ, ТРАНСПАРЕНТНОСТ И ОТЧЕТНОСТ

### 3.1. Влијанието на политиката врз програмските совети на МРТ, ХРТ и РТВ Словенија

Законската рамка и формалната управувачка структура на јавните радиодифузни сервиси се еден аспект, а каква е нивната имплементација во пракса е сосема друг аспект. Токму затоа честопати се прави разграничување помеѓу формалната независност – *de jure* и вистинската независност – *de facto.*[22] Всушност, сосема нереално е да се очекува Програмскиот совет, како надзорен орган, да ја исполни својата улога на заштитник на независноста на јавниот сервис, доколку самото ова тело не е независно и нема избалансиран и плуралистички состав.

„Сè додека Програмскиот совет, и воопшто МРТ, не се ослободи од партиско-политичките влијанија и клиентелистичките врски, сè додека вистински не се отвори кон граѓаните и сè додека не се востанови систем во којшто е присутен политички, културален и плурализам по секоја друга основа во програмските содржини, сè дотогаш нема да можеме да зборуваме за јавен сервис, туку само за државен сервис," вели Игор Мицевски[23] предавач на Високата школа за новинарство и за односи со јавноста.

Всушност во целиот регион, „поранешните државни медиуми, иако формално беа трансформирани во јавни радиодифузни сервиси, за кратко време беа преземени од политичките елити. Од ова

[19] Интервју со Хелена Поповиќ, медиумски експерт и професор по комуникологија на Факултетот за политички науки при Универзитетот во Загреб, 10 септември 2017.

[20] Ибид.

[21] Интервју со Маја Север, уредник и член на Програмскиот совет на ХРТ, 6 септември 2017.

[22] Wagner, M. and Berg, A., *Legal focus: Governance principles for public service media*, European Broadcasting Union website, 2015. Достапно на: https://www.ebu.ch/files/live/sites/ebu/files/Publications/EBU-Legal-Focus-Gov-Prin_EN.pdf.

[23] Интервју со Игор Мицевски, предавач и истражувач на Високата школа за новинарство и односи со јавноста, 25 август 2017.

произлезе една специфична форма на партиска доминација во медиумите, во кои раководните, уредничките и другите поважни позиции беа резервирани за персоналот лојален на оние што се на власт.“[24]

Според професорката Хелена Поповиќ, во Хрватска, „секоја промена на власта предизвикува ’земјотреси‘ во јавниот сервис. Од стекнувањето на независноста до денес, политичките елити во Хрватска во континуитет вршат контрола над ХРТ, со поголем или помал интензитет. Различните политички партии ги уфрлаа ’своите кадри‘ додека беа на власт“.[25]

Во ваква ситуација, ***клучен предизвик за јавните сервиси не е само да ја одбранат својата независност од надворешните притисоци туку и своите вредности***, а успехот на ова поле секако зависи од интензитетот и долготрајноста на влијанијата. „Бидејќи во Хрватска најдолг период на власт беа конзервативните партии (доминантно ХДЗ во различни коалиции), конзервативните вредности се рефлектираат и во уредувачката политика. Сето ова после изборите во 2015 се радикализираше со владеење на конзервативни струи и со раководства кои заговараат националистички, па дури и профашистички ставови. Накратко, ние сме сведоци на фашизација и клирикализација на земјата, што се одразува врз кадровските политики на ХРТ, а со тоа и врз содржината на програмата“, додава Хелена Поповиќ.[26]

Во овој контекст, ниту Програмскиот совет на РТВ Словенија не е имун на политички влијанија кои се рефлектираат врз програмските содржини. Сепак, независноста во неговото работење е чекор понапред во споредба со Македонија и Хрватска. Како што вели професорот Марко Милосављевиќ,[27] „Словенија во споредба со другите земји од поранешна Југославија помина низ некои процеси релативно добро. Сепак, не треба да бидеме премногу самозадоволни поради тоа, бидејќи нештата можат да бидат далеку подобри“.

Членот на Програмскиот совет на РТВ Словенија, Бранкица Петковиќ,[28] признава дека постојат ризици од политичка контрола. „Се случуваше, особено во првиот состав од востановувањето на Програмскиот совет, ова тело да биде потполно инструментализирано и под контрола, но како што поминуваше времето, и како што се менуваа сите тие коалициски влади во кои моќта и интересот се распрскани, се случуваа разни мали субверзии и влез на луѓе кои не се политички делегирани. И интересно е тоа што еве сега, ниту една политичка партија нема контрола над ова тело.“

Примерите, пак, кои посочуваат на директна инструираност на Програмскиот совет на МРТ се бројни. Оваа појава стана особено воочлива и доби алармантни размери за време на долготрајната политичка криза кога Програмскиот совет очигледно ги застапуваше интересите на тогашната владејачка политичка партија, десничарската ВМРО-ДПМНЕ.

Известувањето на МРТ за кривичната пријава против тогашниот лидер на опозицијата Зоран Заев,[29] начинот на кој јавниот сервис информираше за случајот на новинарот Томислав Кежаровски[30] или, пак, за штрајкот на СОНК,[31] јасно укажаа дека „МРТ не го застапува јавниот интерес, туку се става во

---

[24] Petković, B., Panić, S., and Hrvatin, B., S., *Comparing models and demanding reforms of public service media*, Media Observatory website, 2016. Достапно на: http://mediaobservatory.net/radar/comparing-models-and-demanding-reforms-public-service-media.

[25] Интервју со Хелена Поповиќ, медиумски експерт и професор по комуникологија на Факултетот за политички науки при Универзитетот во Загреб, 10 септември 2017.

[26] Ибид.

[27] Интервју со Марко Милосављевиќ, медиумски експерт и професор по новинарство на Факултетот за општествени науки при Универзитетот во Љубљана, 1 септември 2017.

[28] Интервју со Бранкица Петковиќ, член на Програмскиот совет на РТВ Словенија, 1 септември 2017.

[29] Министерството за внатрешни работи на 31 јануари 2015 година поднесе кривична пријава против лидерот на СДСМ, Зоран Заев, за наводно „насилство спрема претставник на највисоките државни органи, како и за шпионажа и уривање на уставниот поредок“.

[30] Новинарот Томислав Кежаровски беше обвинет дека во новинарски текст од 2008 година за случајот „*Ореше*“ го открил идентитетот на заштитениот сведок, иако сведокот воопшто не бил заштитен во моментот кога е објавен текстот. Од страна на домашната и меѓународната јавност овој случај беше оценет како обид на власта за заплашување на медиумите.

[31] Штрајкот на самостојниот Синдикат за образование, наука и култура (СОНК), кој започна на 20 јануари 2015, уште пред самиот почеток беше проследен со контроверзни случувања, главно насочени кон негово спречување од страна на Владата и на локалните власти.

функција на пропагандната машинерија на власта.“[32] Ситуацијата кулминираше кога МРТ реши воопшто да не известува за скандалот со прислушуваните разговори[33] и за настаните во Собранието од 27 април 2017.[34]

Членот на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија,[35] вели дека досега само двајца од членовите имаат дадено некакво критичко мислење во однос на покривањето на одреден настан, случувања или одредени програми. Но, тоа нема никаков ефект бидејќи Програмскиот совет како колективно тело нема реагирано ниту еднаш. „Ова се случува бидејќи Програмскиот совет, онака како што е поставен, е во спрега со директорот и ги застапува интересите на одредена идеолошка страна. Според законот, ние имаме големи надлежности, но проблемот е што немаме вистинско членство кое се грижи за јавниот интерес,“ вели Мемедалија.

Одржувајќи клиентелистички односи со политичките центри на моќ, членовите на Програмскиот совет на МРТ наместо да го поттикнат, го попречуваат квалитетот на програмата, разновидноста на мислењата и слободата на информирањето, кои се главните цели на ефективната медиумска политика на ниво на ЕУ.

Во овој контекст, и двата извештаја на Европската комисија за напредокот на Македонија, за 2015[36]и 2016,[37] нотираат “сериозна загриженост за селективното известување и отсуството на уредувачка и финансиска независност на јавниот радиодифузен сервис.“ Дополнително, во извештајот за 2015 се вели дека е потребно „зајакнување на независноста и капацитетот на јавниот радиодифузен сервис“, додека извештајот за 2016 година констатира дека „постои добро ниво на подготовка во областа на електронските комуникации и информатичкото општество. Но, не е постигнат никаков напредок во текот на извештајниот период. Во наредната година земјата треба да обезбеди правилна имплементација на правната рамка за електронски комуникации и аудио-визуелни медиуми, како и да ја зајакне независноста и капацитетот на медиумскиот регулатор и на јавниот радиодифузен сервис.“

Работата на МРТ беше во фокусот и на „Препораките на групата искусни експерти за системските прашања за владеење на правото поврзани со следењето на комуникациите откриени во пролетта 2015“, попознат како Извештајот на Прибе, кој препорачува „јавниот радиодифузен сервис да настојува да биде комплетно непристрасен и независен од политички, комерцијални и други влијанија и идеологии, и да придонесе кон информирано граѓанство.“[38]

Поточно, токму потребата од реформи во МРТ беше еден од приоритетите врзани за медиумската сфера при преговорите меѓу политичките партии во рамките на договорот од Пржино, со цел да се обезбедат услови за фер и демократски избори во 2016 година.

## 3.2. Како да се одбрани независноста од надворешните притисоци

Измените на медиумската легислатива во согласност со Приоритетите за итни реформи[39] и Извештајот на Прибе се обврска на Македонија во контекст на заложбите на земјата за демократизација и враќање на патеката кон ЕУ. Во однос на МРТ овие измени се однесуваат пред сè на Програм-

---

32 ЦРМ, „*Мониторинг на информирањето на МРТ, Студии на случај: Кежаровски, штрајк на СОНК, кривична пријава против Заев*“, 2015. Достапно на: http://mdc.org.mk/monitoring-na-informiranjeto-na-mrt.

33 a1on.mk, „*Петревски: Обвинителството забрани да ги објавуваме 'бомбите' на Заев*“, 12 март 2015. Достапно на: http://a1on.mk/archives/463122.

34 Фокус, „*МРТ: Програмскиот совет одлучи да не ја следиме собраниската седница на 27 април*“, 11 мај 2017. Достапно на: http://fokus.mk/mrt-programskiot-sovet-odluchi-da-ne-ja-sledime-sobraniskata-sednitsa-na-27-april/.

35 Интервју со Ведат Мемедалија, уредник во дневниот весник Коха и претставник од Здружението на новинари на Македонија (ЗНМ) во Програмскиот совет на МРТ, 24 август 2017.

36 European Commission, *The Former Yugoslav Republic of Macedonia Report 2015*, 2015. Достапно на: https://ec.europa.eu/neighbourhood-enlargement/sites/near/files/pdf/key_documents/2015/20151110_report_the_former_yugoslav_republic_of_macedonia.pdf.

37 European Commission, *The Former Yugoslav Republic of Macedonia Report 2016, 2016*. Достапно на: https://ec.europa.eu/neighbourhood-enlargement/sites/near/files/pdf/key_documents/2016/20161109_report_the_former_yugoslav_republic_of_macedonia.pdf.

38 European Commission, *The Former Yugoslav Republic of Macedonia: Recommendations of the Senior Experts' Group on systemic Rule of Law issues relating to the communications interception revealed in Spring 2015*, 2015. Достапно на: https://ec.europa.eu/neighbourhood-enlargement/sites/near/files/news_corner/news/news-files/20150619_recommendations_of_the_senior_experts_group.pdf.

39 European Commission, *Urgent reform priorities for the Former Yugoslav Republic of Macedonia*, 2015. Достапно на: https://eeas.europa.eu/sites/eeas/files/urgent_reform_priorities_en.pdf.

скиот совет. Оттука, покрај утврдувањето на фактичката состојба во однос на сегашната легислатива и нејзината имплементација во пракса, потребно е да се осврнеме и на потенцијалните ризици, но и на можните механизми за нивно надминување при изготвувањето на новите законски решенија во контекст на Програмскиот совет, со цел да се обезбедат услови за вистинско независно функционирање на јавниот сервис.

Државата е најмоќниот фактор кој влијае врз формулирањето на медиумската легислатива.[40] Сепак, ***улогата на државните органи***, како што се Собранието и Владата, треба да се состои само во поставување на легислативна рамка за јавниот радиодифузен сервис, а не и нивно мешање во оперативните или надзорните работи.[41] Но, имајќи ја предвид доминантната улога на парламентите во постапките за именување на раководните тела на јавните радиодифузни сервиси, составот на раководните тела назначен од Собранието е одраз на профилот и на интересите на политичкото мнозинство.[42]

“Кога Собранието ги именува членовите на Програмскиот совет, официјално, тоа треба да бидат луѓе со одредени квалитети, релевантност итн. Но, многу често се случува да се именуваат оние луѓе за кои се знае дека се блиски до некоја партија. Значи, на хартија сето тоа може да звучи коректно. На пример, во Словенија добар дел од членовите на Програмскиот совет се предложени од граѓанското општество, но сепак на крајот, Собранието е она кое одлучува за нив, а тоа секако ја отвора можноста за политичка манипулација и избор на кадри кои се блиски до владејачките структури,“ вели Марко Милосављевиќ.[43]

Можно решение за овој проблем, како што вели Хелена Поповиќ,[44] е „именување на членови на Програмскиот совет надвор од структурата на политичките институции.“ Ова директно именување на членови во Програмскиот совет претставува добро решение во контекст на намалување на политичкото влијание, но и тоа носи одредени ризици во однос на конфликт на интереси, особено кога станува збор за професионалните здруженија.

„Ако на пример во Програмскиот совет се именува директно по еден член на предлог од друштвата на словенечките писатели, продуценти, музичари итн., тоа е етички опасно, бидејќи овие друштва секако имаат свои бизнис интереси. Во Словенија типичен пример се музичарите. Тие имаат сосема јасен интерес, зголемување на квотите на словенечката музика бидејќи на тој начин добиваат повеќе пари од радијата и здружението за авторски права. И во тоа успеваат. Слично е и со продуцентите. Најчисто, на некој начин, е Здружението на новинарите кое секако мора да има некаква улога и присутност во Советот, бидејќи тоа нема материјални интереси во смисла на квоти,“ вели Марко Милосављевиќ.[45]

Затоа мора да се внимава на тоа ***кои категории во општеството вистински ја претставуваат јавноста,*** бидејќи Програмскиот совет треба да ги претставува колективните интереси во општеството, а не интересите на оние кои ги номинираат или ги именуваат неговите членови.

Во овој контекст, Маја Север[46] смета дека „идејата за независни интелектуалци е добра и дека во една таква законска рамка нема да постои страв од влијанијата врз независноста на јавниот сервис.“ Додека Марко Милосављевиќ[47] вели дека проблемот не е секогаш врзан само со политичките влија-

---

40 Švob-Đokić, N., Bilić, P., & Peruško, Z., *Does media policy promote media freedom and independence? The case of Croatia* (Case study report), 2011. Достапно на: http://www.mediadem.eliamep.gr/wp-content/uploads/2012/01/Croatia.pdf.

41 Wagner, M. and Berg, A., *Legal focus: Governance principles for public service media*, European Broadcasting Union website, 2015. Достапно на: https://www.ebu.ch/files/live/sites/ebu/files/Publications/EBU-Legal-Focus-Gov-Prin_EN.pdf.

42 Petković, B., Panić, S., and Hrvatin, B., S., *Comparing models and demanding reforms of public service media*, Media Observatory website, 2016. Достапно на: http://mediaobservatory.net/radar/comparing-models-and-demanding-reforms-public-service-media.

43 Интервју со Марко Милосављевиќ, медиумски експерт и професор по новинарство на Факултетот за општествени науки при Универзитетот во Љубљана, 1 септември 2017.

44 Интервју со Хелена Поповиќ, медиумски експерт и професор по комуникологија на Факултетот за политички науки при Универзитетот во Загреб, 10 септември 2017.

45 Интервју со Марко Милосављевиќ, медиумски експерт и професор по новинарство на Факултетот за општествени науки при Универзитетот во Љубљана, 1 септември 2017.

46 Интервју со Маја Север, уредник и член на Програмскиот совет на ХРТ, 6 септември 2017.

47 Интервју со Марко Милосављевиќ, медиумски експерт и професор по новинарство на Факултетот за општествени науки при Универзитетот во Љубљана, 1 септември 2017.

нија туку и со карактерот и интегритетот на лицата кои се избираат во Програмскиот совет, а тоа ни со промената на законот нема да се реши. „Вие секогаш може да имате луѓе кои на хартија звучат сосема во ред, но карактерно не се независни, не се силни личности и немаат пркос и интегритет."

„Неодамна предложивме воспоставување на таканаречен 'Партиципаторен модел на МРТ' – модел кој треба, меѓу другото, да овозможи воспоставување протоколи според кои Програмскиот совет ќе има задолжителен редовен контакт со јавноста но и отчетност пред неа. За тоа ќе мора да биде обезбедена многу поголема транспарентност, јавност во работењето и ќе мора да се користат каналите на комуникација какви што се социјалните мрежи. Соодветно, но не прешироко, влијание треба да има и цивилниот сектор. Неговото влијание треба да биде одраз на диверзитетот во Македонија. Кога зборувам за диверзитет не мислам само на етничкиот диверзитет туку и на останатите типови на културно и политичко битисување," вели Игор Мицевски,[48] посочувајќи на студијата[49] работена за Центарот за општествени истражувања – Аналитика од Сараево.

Со цел да се обезбеди квалитетно надзорно тело на ***јавниот сервис, кое вистински ќе ги штити интересите на јавноста***, во текот на политичката криза медиумската заедница во Македонија истапи со свој предлог за измени на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,[50] кој во однос на МРТ ја застапува идејата членовите на Програмскиот совет да се избираат на јавен конкурс, со претходно обезбедени писма на поддршка од релевантни граѓански организации, здруженија на новинарите, здруженија од областа на културата и високообразовни установи.

На овој начин, истовремено поддржани од повеќе етаблирани организации, целта е да се дојде до најдобар можен избор на кандидати за членови на Програмскиот совет за кои ќе постои општ консензус во јавноста. Дополнително и предлогот за нивно именување со 2/3 мнозинство во Собранието ги намалува шансите да бидат избрани недоволно компетентни, но партиски подобни кадри.

Овој предлог, што циркулира во јавноста од март 2016, произлезе од очигледната потреба и вложените напори на професионалните медиумски здруженија за зајакнување на медиумската независност во земјата. Во контекст на МРТ, овие заложби се насочени во правец на напуштање на постојниот модел за именување на членовите на Програмскиот совет од страна на овластени предлагачи (државни органи и политички контролирани институции), кои се главната причина за подложноста на ова тело на политички влијанија.

Врз основа на овој предлог Министерството за информатичко општество и администрација го изготви Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги од септември 2017 кој допрва треба да биде предмет на јавна расправа.[51]

### 3.3. Транспарентноста и отчетноста – предуслови за кредибилност на Програмскиот совет

И најдоброто законско решение нема да го даде посакуваниот резултат ако атмосферата во јавниот сервис, политичката култура и однесувањето на владејачките структури не ја поддржуваат независноста на јавниот сервис. А независноста на јавниот сервис, пак, е во тесна корелација со неговата ***транспарентност и отчетност.***

Оттука, не изненадува фактот што МРТ, ако се земе предвид обемот на јавно достапните документи на нејзината интернет-страницата, покажува крајна затвореност кон граѓаните и јавноста. И покрај скромните законски барања за транспарентност и отчетност, МРТ не успева да ги испочитува

---

48 Интервју со Игор Мицевски, предавач и истражувач при Високата школа за новинарство и односи со јавноста, 25 август 2017.

49 Trpevska, S., and Micevski, I., "*The Development and Future of PSB in Macedonia: Towards the Construction of a Participatory PSB Model*", Analitika- Center for Social Resarch Website, Saraevo, 2017. Достапно на: http://www.analitika.ba/en/publications/development-and-future-psb-macedonia-towards-construction-participatory-psb-model. Пристапено на: 7 септември 2017.

50 Петте новинарски и медиумски организации, ЗНМ, ССНМ, СЕМ, МИМ и ИКС во март 2016 во Собранието на РМ го доставија предлогот на европскиот медијатор Питер Ван Хојте за итна измена и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, како добра основа за вовед во медиумските реформи во Република Македонија. Види: ЗНМ, „*Предлогот на Ван Хојте доставен до Собрание*", 28 март 2016. Достапно на: https://znm.org.mk/?p=1861.

51 Предлог-законот беше пуштен до сите засегнати страни со цел да се изјаснат за решенијата во него во текот на септември 2017, но во моментот на објавувањето на овој текст, предлогот сѐ уште не беше доставен до Собранието на РМ.

ниту основните начела.[52] На пример, иако дневниот ред, записниците од седниците на Програмскиот совет, донесените одлуки, како и изјаснувањето на членовите на советот при постапката на гласање за одредено прашање треба да се објават на интернет-страницата на МРТ во рок од седум дена од денот на одржаната седница, овие обврски ретко се почитуваат.

На интернет-страницата на јавниот сервис не може да се најдат ниту општи информации за раководните тела, за структурата на менаџментот, Надзорниот одбор и Програмскиот совет, ниту пак за одлуките кои тие ги носат, додека годишните извештаи за работа и ревизорските извештаи често се објавуваат со задоцнување. Всушност, многу често кога станува збор за крупните промени и решенија врзани за МРТ, јавноста за овие нешта дознава од другите медиуми.

Како резултат на отсуството на каква било информација во врска со одржувањето на седниците на Програмскиот совет, иако според Законот[53] тие се јавни, заинтересираните страни воопшто не се во можност да присуствуваат бидејќи МРТ го нема испочитувано првиот предуслов, да информира за одржувањето на седницата, укажува Ведат Мемедалија, член на Програмскиот совет од ЗНМ.

**Табела 2: Транспарентност во работењето на програмските совети на МРТ, ХРТ и РТВ Словенија**

| ДОСТАПНО НА ИНТЕРНЕТ-СТРАНИЦИТЕ НА ЈРС | МРТ | ХРТ | РТВ СЛОВЕНИЈА |
|---|---|---|---|
| Информации за членовите на Програмскиот совет | НЕ | ДА | ДА |
| Известувања за одржување на седниците на Програмскиот совет со точките на дневен ред | НЕ | ДА | ДА |
| Записници од седниците на Програмскиот совет | НЕ | ДА | ДА |
| Одлуки донесени на седниците на Програмскиот совет | НЕ | ДА | ДА |
| Деловници, правилници, закони, правни акти и документи | НЕ* | ДА | ДА |
| Годишни извештаи и планови, како и програми за работа | ДА | ДА | ДА |
| Сединиците на Програмскиот совет се пренесуваат во живо на интернет страницата на јавниот сервис | НЕ | НЕ | ДА |

Извор: Интернет-страници на МРТ, ХРТ и РТВ Словенија
*Достапен е само Статутот и Етичкиот кодекс

Програмскиот совет на МРТ честопати е нетранспарентен дури и за медиумските здруженија и невладини организации кои се обидуваат да ја следат работата на ова тело. За време на вжештената дебата која се отвори во јавноста во врска со одговорноста на раководството на МРТ за непрофесионалното известување за упадот во Собранието и насилството врз пратениците и новинарите на 27 април 2017 година, Програмскиот совет реши да ја затвори за јавноста седницата на која дискутираше за ова прашање.[54]

“Аргументацијата беше дека седницата мораше да биде затворена поради сензитивноста на темата, за да се исклучи притисокот врз членовите на Програмскиот совет и одговорните уредници. Но всушност, тоа е невозможно бидејќи оние кои во својство на јавност присуствуваат на седниците немаат право на збор. Тие може само да молчат и да ја следат седницата без никакво право на реакција или глас,“ вели Ведат Мемедалија.[55] Тој, заедно со уште двајца членови, ја напуштил седницата, додека остатокот од членовите ги донеле решенијата зад затворени врати.

52 Закон за аудио и аудиовизуелнеи медиумски услуги (Службен весник на РМ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), чл.122.
53 Ибид.
54 ЗНМ, „*МРТ се крие од одговорноста за начинот на известување за инцидентите во Собрание*“, 11 мај 2017. Достапно на: http://znm.org.mk/?p=3308.
55 Интервју со Ведат Мемедалија, уредник во дневниот весник Коха и претставник од Здружението на новинари на Македонија (ЗНМ) во Програмскиот совет на МРТ, 24 август 2017.

За разлика од МРТ, ***транспарентноста на ХРТ и РТВ Словенија*** е на високо ниво. Тие имаат функционални интернет-страници на кои редовно ги објавуваат сите записници од седниците на програмските совети и останатите јавни документи врзани за работата на јавните сервиси. Освен тоа, од 2015 година седниците на Програмскиот совет на РТВ Словенија се пренесуваат во живо на интернет-страницата на словенечкиот јавен сервис.

„Сите записници и извештаи се достапни на страниците на ХРТ. Во овој поглед, постигнат е напредок во однос на некои периоди во минатото,“ вели Хелена Поповиќ.[56] Кога станува збор за почитување на обврската за јавност на седниците, членката на Програмскиот совет на ХРТ, Маја Север,[57] вели дека „седниците на Програмскиот совет се јавни, со што работата на советот е доста транспарентна, но постои можност и за т.н. работни седници кои се одржуваат без присуство на новинари. Притоа, од претседателот на Програмскиот совет зависи колку често ќе посегнува по ваков вид на седници“.

Затворени седници на Програмскиот совет не се карактеристика за РТВ Словенија, но постојат случаи кога такво решение било донесено во парцијална смисла. „Пред неколку месеци имавме ситуација кога еден дел од седницата, на која се претставуваа кандидатите за директор на јавниот сервис, беше затворена за јавноста, со образложение дека тоа е заради заштита на личните податоци. Ова беше доста контроверзна одлука која не беше лесно прифатена, барем не од стручните, медиумските и политичките кругови, бидејќи не беше јасно дали таа одлука е правно издржана или станува збор за преседан кој може да биде опасен во смисла на тоа дека води кон намалување на отвореноста и транспарентноста,“ вели експертот Марко Милосављевиќ.[58]

Кога станува збор за ***директната комуникација со јавноста*** во Хрватска и во Словенија, покрај програмските совети кои ги следат мислењата и жалбите од граѓаните, постои и омбудсман назначен од програмските совети чија задача е стручна обработка на поплаките и сугестиите добиени од граѓаните во врска со програмската содржина. Тој е еден вид медијатор помеѓу јавниот сервис и граѓаните и иако нема моќ да носи одлуки, сепак има важна советодавна улога не само во јавниот сервис туку и пошироко во јавноста.

Во Хрватска тој се нарекува „комесар за корисниците на услуги на ХРТ“ кој е должен да поднесе извештај во однос на забелешките на гледачите направен врз основа на претходна стручна анализа. Во овој контекст, според Хелена Поповиќ,[59] постои простор за подобрување на методологијата, структурата и стандардите врз основа на кои се прави оваа анализа.

**Графички приказ 2: Тела за комуникација со јавноста во ЈРС**




„Во Словенија веќе 10 години постои заштитник на правата на гледачите, или омбудсман, кој е многу важна и корисна институција. Може да се каже дека тој е некаков орган на Програмскиот совет кој многу ни ја олеснува работата. Наместо ние да расправаме во детали за сите забелешки,

[56] Интервју со Хелена Поповиќ, медиумски експерт и професор по комуникологија на Факултетот за политички науки при Универзитетот во Загреб, 10 септември 2017.
[57] Интервју со Маја Север, уредник и член на Програмскиот совет на ХРТ, 6 септември 2017.
[58] Интервју со Марко Милосављевиќ, медиумски експерт и професор по новинарство на Факултетот за општествени науки при Универзитетот во Љубљана, 1 септември 2017.
[59] Интервју со Хелена Поповиќ, медиумски експерт и професор по комуникологија на Факултетот за политички науки при Универзитетот во Загреб, 10 септември 2017.

омбудсманот сето тоа го разгледува стручно со уредниците, од експертски аспект, во контекст на етичкиот кодекс и програмските стандарди, а потоа нам ни доставува предлог, односно препораки,“ вели Бранкица Петковиќ.[60]

Во Македонија не постои оваа категорија и единственото тело кое според закон треба да ги следи мислењата и поплаките од граѓаните и од јавноста е Програмскиот совет. Но, со оглед на апсолутната нефункционалност на интернет-страницата на МРТ и генерално затвореноста на советот, дури и во однос на професионалните граѓански организации заинтересирани да ја следат неговата работа, оваа негова функција се исполнува само на хартија.

Неизбежниот заклучок е дека Програмскиот совет на МРТ е крајно нетранспарентен и неотчетен. Во оваа смисла најнапреден е Програмскиот совет на РТВ Словенија, особено што од оваа година ова тело е обврзано да приложи и извештај за сопствената работа во рамките на годишниот извештај за работата на словенечкиот јавен сервис за 2016 година.

Транспарентноста и отчетноста се од суштинско значење за одржување на еден веродостоен јавен сервис, кој е најнапред одговорен пред граѓаните/јавноста, а дури потоа пред државата/собранието. Оттука, создавањето на канали за комуникација со јавноста е од неприкосновена важност за секоја институција која сака да се нарекува јавен радиодифузен сервис. Таа институција мора да понуди „јавен простор“ каде што не само политичарите, интересните групи или јавните личности, туку и обичните граѓани ќе бидат поттикнати да го искажат своето мислење и очекувања во однос на јавниот сервис.

Во современите демократски општества, јавноста треба да има право на целосна транспарентност и отчетност во однос на тоа како јавните сервиси се организирани и управувани, како се трошат јавните пари и како се врши новинарска работа. Исто така, постои и легитимно јавно очекување дека треба да постои одредено влијание врз јавниот сервис, одреден фидбек, особено во однос на тоа како се исполнуваат надлежностите на јавниот сервис. Независноста, транспарентноста и отчетноста се секако предуслов за градење на довербата со публиката, што претставува важен извор на легитимитет за јавниот сервис.[61]

## 4. ЗАКЛУЧОК

Јавниот радиодифузен сервис е вистински независен само ако функционира одвоено од власта и центрите на моќ, додека истовремено е предмет на ефективен надзор од страна на внатрешните управни тела кои се заштитени од политичко влијание. Токму тука, јавните сервиси на Македонија, на Хрватска и до извесен степен на Словенија, покажаа ограничен успех во обидите да се одбранат од надворешните притисоци. Управувачките структури на јавните сервиси во овие земји, и во овој контекст надзорното тело, како што е Програмскиот совет, не успеаја радикално да ги дистанцираат јавните сервиси од политичката контрола.

Иако има широки надлежности и може да придонесе за програмска независност, квалитет во работењето и одговорноста на јавниот сервис пред јавноста, Програмскиот совет на МРТ функционира како продолжена рака на државниот апарат. Главната причина за ваквата состојба е несоодветниот состав на телото во кое доминира членство блиско до владејачката структура од периодот на неговото формирање. Тоа е резултат на несоодветното законско решение во однос на сегашниот модел со конкретните овластени предлагачи, кои во најголем дел се државни органи или институции под нивна контрола.

Покрај ризиците од политички влијанија во текот на изборот и именувањето на членството, главниот проблем во Хрватска се скратените надлежности на Програмскиот совет на ХРТ чија улога е сведена на чисто задоволување на формата. А кога Програмскиот совет нема улога во кадровските именувања и во одобрувањето на клучните годишни документи и извештаи, тогаш тој се претвора во дебатен форум без никаква реална моќ и можност за делување.

[60] Интервју со Бранкица Петковиќ, член на Програмскиот совет на РТВ Словенија, 1 септември 2017.

[61] Wagner, M. and Berg, A., *Legal focus: Governance principles for public service media*, European Broadcasting Union website, 2015. Достапно на: https://www.ebu.ch/files/live/sites/ebu/files/Publications/EBU-Legal-Focus-Gov-Prin_EN.pdf.

Затоа е важно тој највисок орган, кој треба да ја претставува широката палета на општествените групи и интереси, да има не само советодавна, дебатна улога туку и моќ за нечие именување или смена, да го одбие или одобри планот на директорот и на тој начин да ја постигне целта, односно неговите заклучоци да бидат земени предвид и сериозно да се пристапи кон нивно спроведување.

Во овој контекст, иако се соочува со одредени предизвици, Словенија е најблиску до едно посоодветно остварување на функцијата на Програмскиот совет, кој исто така покажува најголема транспарентност и отчетност во својата работа.

Имајќи го предвид влијанието кое јавните сервиси го имаат врз јавната дебата и формирањето на јавното мислење, политичките и економските елити секогаш ќе бидат во искушение да извршат влијание врз нив.[62]

Оттука, не е премногу едноставно да се дизајнираат ефикасни заштитни мерки за да се оневозможат притисоците врз јавниот сервис и да се спречи поголемиот дел од позициите во надзорните тела, во овој контекст во Програмскиот совет, да бидат пополнети со кадри подобни за власта или за доминантните политички партии. Сепак, постојат одредени правни процедурални заштитни мерки кои можат да допринесат за обезбедување на избалансиран и плуралистички состав на Програмскиот совет.

Судејќи според словенечкото искуство, како позитивен пример може да се посочи постоењето широк спектар на различни чинители во општеството кои ги номинираат членовите на Програмскиот совет. Притоа, како што вели Бранкица Петковиќ,[63] со цел да се ограничи политичкото влијание, треба да се внимава на бројот на членовите на Програмскиот совет кои ги именува Собранието. Фактот што дури и претставниците во Програмскиот совет, номинирани од партиите во Собранието на Словенија, се резултат на пропорционална застапеност на предлози од сите партии во Собранието, дополнително оневозможува целосна контрола од само една партија.

Во овој контекст, Марко Милосављевиќ[64] укажува на потребата од т.н. систем на *Checks & Balances* во кој ниту една институција не би имала контрола над поголемиот дел од членовите. „Едноставно, бидејќи во прашање е млада демократија, треба да се направи систем во кој сите главни актери би имале збор во именувањето на членови, на пример, Собранието, граѓанскиот сектор, вработените, Претседателот на државата или слични институции, но на начин ниеден од нив да го нема главниот збор. Треба да постои некаков баланс, и секако, да се елиминираат можностите за конфликт на интереси," предлага Милосављевиќ.

Иако во Македонија, токму поради судир на интереси, на вработените во МРТ не им се нуди таква можност, сепак учеството на претставниците од вработените во Програмскиот совет на јавните сервиси на Хрватска и Словенија се оценува како исклучително вредно искуство. Понатаму, како добра пракса, и во двете држави се покажа законската одредба според која мандатот на сите членови кој трае четири години, не почнува истовремено, туку половината од нив се именуваат на секои две години и на тој начин се намалува можноста за влијание на една политичка структура врз сите членови на телото.

Покрај специфичните заштитни мерки, важни за ефективната заштита на независноста на Програмскиот совет се и транспарентноста на процесот на назначување на неговите членови, како и политичката култура и критичкото јавно мислење кое би реагирало на секој обид за воспоставување политичка контрола врз јавниот радиодифузен сервис.

За да се осигури независен јавен сервис во Македонија потребни се реформи кои треба да бидат

[62] Wagner, M. and Berg, A., *Legal focus: Governance principles for public service media*, European Broadcasting Union website, 2015. Достапно на: https://www.ebu.ch/files/live/sites/ebu/files/Publications/EBU-Legal-Focus-Gov-Prin_EN.pdf.

[63] Интервју со Бранкица Петковиќ, член на Програмскиот совет на РТВ Словенија, 1 септември 2017.

[64] Интервју со Марко Милосављевиќ, медиумски експерт и професор по новинарство на Факултетот за општествени науки при Универзитетот во Љубљана, 1 септември 2017.

резултат на инклузивни демократски процеси кои ќе ги инволвираат сите чинители во општеството, вклучувајќи го тука и граѓанскиот сектор, кој треба да има клучно влијание во овие реформски процеси. Но, за да настапат вистински промени во овој поглед мора да се менува и системот на вредности, како и културата на управување со јавните ресурси, со јавните институции, и воопшто со државата.

## 5. ПРЕДЛОГ-ПРЕПОРАКИ

1. Министерството за информатичко општество и администрација треба да отвори јавна расправа со која ќе се иницира процес на темелно реформирање на ЈРС МРТ. Со реформите би биле опфатени сите аспекти од функционирањето на јавниот сервис и би се поставиле основите за натамошниот развој на куќата, со цел МРТ да стане современ европски јавен сервис.

2. Со измените во ЗААМУ, во делот што се однесува на Програмскиот совет на МРТ, треба да биде напуштен постојниот концепт на овластени предлагачи на кандидати за членови во ова тело. Изборот на членови преку јавен конкурс има поголем потенцијал да ги претставува различните сегменти и интереси во општеството и да го намали просторот за директни политички влијанија.

3. Со измените на ЗААМУ треба да се предвиди зголемување на бројот на членови на Програмскиот совет на МРТ со цел тој посоодветно да ги претставува различните сегменти и интереси во македонското општество.

4. Сите засегнати страни, надлежното министерство, медиумскиот регулатор, граѓанскиот сектор, медиумските експерти, претставници на академските кругови и на медиумската индустрија, вклучително и на МРТ, треба да отворат дебата околу можноста Собранието на Република Македонија да не ги именува сите, туку дел од членовите на Програмскиот совет на јавниот сервис и тоа со 2/3 мнозинство, како и да се разгледа можноста за директен влез на претставници во Програмскиот совет.

5. Сите засегнати страни да отворат дебата околу можноста за проширување на условите и правилата врзани со конфликт на интереси, кои се дел од сегашниот ЗААМУ, вклучително и за можноста да се ревидира забраната за учество на вработените во Програмскиот совет, што се посочува како позитивен пример во Хрватска и во Словенија.

6. Сите засегнати страни да отворат дебата околу можноста мандатот да не тече истовремено за сите членови на Програмскиот совет, туку да се воведе т.н. скалест мандат, односно најмалку половина од членовите да бидат именувани на средината на мандатот на нивните колеги во ова тело. Ова може да ја зајакне независноста и континуитетот на работата, како и да се избегне ситуација по секој избор или промена на власта, надзорното тело да биде целосно рекомпонирано.

7. Јавниот сервис МРТ треба да основа и да ги развива каналите и механизмите за комуникација со публиката (како на пример, динамична интернет-страница, да постави лице кое ќе ги прима и разгледува коментарите и сугестиите од публиката - внатрешен омбудсман и сл.), со цел да овозможи поголема вклученост на граѓаните во креирањето на програмската понуда.

8. Програмскиот совет во практиката треба доследно да ги спроведува обврските предвидени со ЗААМУ и со интерните правилници, како и да обезбеди транспарентност за својата работа и резултатите од неа. Најавите на седниците и дневниот ред, записниците од седниците, донесените одлуки, како и изјаснувањето на членовите на советот, годишните извештаи и планови за работа и сите останати документи треба задолжително да се објавуваат на интернет-страницата на МРТ. Информациите за раководните тела, составот на менаџментот, на Надзорниот одбор и на Програмскиот совет, како и одлуките кои тие ги носат треба да бидат јавно достапни.

## 6. БИБЛИОГРАФИЈА

Центар за развој на медиуми, *„Мониторинг на информирањето на МРТ, Студии на случај: Кежаровски, штрајк на СОНК, кривична пријава против Заев*", ЦРМ, Скопје, 2015. Достапно на: http://mdc.org.mk/monitoring-na-informiranjeto-na-mrt. Пристапено на: 24 јуни 2017.

Petković, B., Panić S. and Hrvatin, B. S., *Comparing models and demanding reforms of public service media*, Media Observatory website, 2016. Достапно на: http://mediaobservatory.net/radar/comparing-models-and-demanding-reforms-public-service-media. Пристапено на: 6 јули 2017.

European Commission, *The Former Yugoslav Republic of Macedonia: Recommendations of the Senior Experts' Group on systemic Rule of Law issues relating to the communications interception revealed in Spring 2015*, 2015. Достапно на: https://ec.europa.eu/neighbourhood-enlargement/sites/near/files/news_corner/news/news-files/20150619_recommendations_of_the_senior_experts_group.pdf. Пристапено на: 27 јуни 2017.

*European Commission, The Former Yugoslav Republic of Macedonia Report 2015*, 2015. Достапно на: https://ec.europa.eu/neighbourhood-enlargement/sites/near/files/pdf/key_documents/2015/20151110_report_the_former_yugoslav_republic_of_macedonia.pdf. Пристапено на: 9 јули 2017.

*European Commission, The Former Yugoslav Republic of Macedonia Report 2016,* 2016. Достапно на: https://ec.europa.eu/neighbourhood-enlargement/sites/near/files/pdf/key_documents/2016/20161109_report_the_former_yugoslav_republic_of_macedonia.pdf. Пристапено на: 9 јули 2017.

*European Commission, Urgent reform priorities for the Former Yugoslav Republic of Macedonia*, 2015. Достапно на: https://eeas.europa.eu/sites/eeas/files/urgent_reform_priorities_en.pdf. Пристапено на: 10 јули 2017.

Trpevska, S. and Micevski, I., *The Development and Future of PSB in Macedonia: Towards the Construction of a Participatory PSB Model*, Analitika- Center for Social Resarch website, Sarajevo, 2017. Достапно на: http://www.analitika.ba/en/publications/development-and-future-psb-macedonia-towards-construction-participatory-psb-model. Пристапено на: 7 септември 2017.

Švob-Đokić, N., Bilić, P., & Peruško, Z., *Does media policy promote media freedom and independence? The case of Croatia* (Case study report), 2011. Достапно на: http://www.mediadem.eliamep.gr/wp-content/uploads/2012/01/Croatia.pdf. Пристапено на: 23 јули 2017.

Wagner, M. and Berg, A., *Legal focus: Governance principles for public service media,* European Broadcasting Union website, 2015. Достапно на: https://www.ebu.ch/files/live/sites/ebu/files/Publications/EBU-Legal-Focus-Gov-Prin_EN.pdf. Пристапено на: 1 август 2017.

Zielonka, J. and Mancini, P., *Executive summary: A media map of Central and Eastern Europe,* Report of the project on Media and Democracy in Central and Eastern Europe, 2011. Достапно на: http://mde.politics.ox.ac.uk. Пристапено на: 21 јули 2017.

МЕДИУМСКИ ОБЈАВИ И ВЕБ-СТРАНИЦИ:

a1on.mk, *„Петревски: Обвинителството забрани да ги објавуваме 'бомбите' на Заев*", 12 март 2015. Достапно на: http://a1on.mk/archives/463122. Пристапено на: 12 август 2017.

ЗНМ, *„МРТ се крие од одговорноста за начинот на известување за инцидентите во Собрание*", 11 мај 2017. Достапно на: http://znm.org.mk/?p=3308. Пристапено на: 15 август 2017.

ЗНМ, *„Предлогот на Ван Хојте доставен до Собрание*", 28 март 2016. Достапно на: https://znm.org.mk/?p=1861. Пристапено на: 26 август 2017.

Фокус, *„МРТ: Програмскиот совет одлучи да не ја следиме собраниската седница на 27 април*", 11 мај 2017. Достапно на: http://fokus.mk/mrt-programskiot-sovet-odluchi-da-ne-ja-sledime-sobraniskata-sednitsa-na-27-april/. Пристапено на: 15 август 2017.

## ЗАКОНИ

Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Службен весник на Република Македонија бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14). Достапен на: http://www.pravo.org.mk/documentDetail.php?id=6832. Пристапено на: 27 јуни 2017.

Zakon o Hrvatskoj radioteleviziji (Narodne novine br. 137/10, 76/12, 78/16, 46/17, 73/17). Достапен на: https://www.zakon.hr/z/392/Zakon-o-Hrvatskoj-radioteleviziji. Пристапено на: 1 јули 2017.

Zakon o Radioteleviziji Slovenija (Uradni list RS, št. 96/05, 109/05, 105/06, 26/09, 9/14). Достапен на: http://www.pisrs.si/Pis.web/pregledPredpisa?id=ZAKO4461. Пристапено на: 1 јули 2017.

## ЛИСТА НА ИНТЕРВЈУА:

Интервју со Игор Мицевски, предавач и истражувач при Високата школа за новинарство и односи со јавноста, Скопје, 25 август 2017 (лице в лице).

Интервју со Ведат Мемедалија, уредник во дневниот весник Коха и претставник од Здружението на новинари на Македонија (ЗНМ) во Програмскиот совет на МРТ, Скопје, 24 август 2017 (лице в лице).

Интервју со Марко Милосављевиќ, медиумски експерт и професор по новинарство на Факултетот за општествени науки при Универзитетот во Љубљана, 1 септември 2017 (преку скајп).

Интервју со Бранкица Петковиќ, член на Програмскиот совет на РТВ Словенија, медиумски експерт, истражувач и раководител на проекти во Институтот за мир, Институт за современи социјални и политички студии во Љубљана, 1 септември 2017 (преку скајп).

Интервју со Хелена Поповиќ, медиумски експерт и професор по комуникологија на Факултетот за политички науки при Универзитетот во Загреб, 10 септември 2017 (по имејл).

Интервју со Маја Север, член на Програмскиот совет на ХРТ како претставник од вработените, новинар и уредник во информативната програма на ХРТ, 6 септември 2017 (по имејл).

## БЕЛЕШКА ЗА АВТОРОТ

**Љиљана Митевска** е медиумски аналитичар и магистер по меѓународно новинарство на City University во Лондон, Велика Британија.

#ReForMediaMKD Унапредување на соработката меѓу граѓанските организации, институциите и граѓаните за спроведување реформи во медиумската сфера

Проектот е финансиран од Европската Унија

МАКЕДОНСКИ ИНСТИТУТ ЗА МЕДИУМИ

Mirovni inštitut
Inštitut za sodobne družbene in politične študije
The Peace Institute
Institute for Contemporary Social and Political Studies